РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Примено: 16.010.2020
Организациона единица: 01 | Број: 97/4 | Прилог: - | Вредност: -

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Во акта-Архивиран:
Рок на чување:

**До: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**Архивски број:** 12/6-601/5
**Датум:** 16.10 2020 г.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) Министерството за информатичко општество и администрација дава

**СОГЛАСНОСТ**

на

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Демир Хисар, со архивски број 01-97/3 од 15.10.2020 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Демир Хисар поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Демир Хисар.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Демир Хисар, со архивски број 01-97/3 од 15.10.2020 година.

Со почит,
Министер
**Doc.D-r. Jeton Shaqiri**

Министерство за информатичко општество и администрација - Republika e Maqedonisë së Veriut - Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës - Скопје - Shkup

Подготвил: Селма Хаџиќ


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) а согласно со член 71 точка 12 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**ПРАВИЛНИК**

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-53/1 од 29.01.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/2 од 11.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/4 од 23.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-337/3 од 09.05.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-1035/1 од 14.11.2019 година, Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Оптина Демир Хисар со архивски број 13-1152/3 од 24.12.2019 година и Правилникот за изменување на Правилникот на систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-97/1-1 од 28.01.2020 година.

**Член 2**

Членот 11 се менува и гласи:

(1) Кандидатот за инспектор од категоријата Б, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови:

Стручни квалификации за сите нивоа од категорија Б:

-Ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.

(2) Работно искуство и тоа:

-Б1-најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,

-Б2-најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор,

-Б3 и Б4-најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор.

(3) Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со рамката на општи работни компетенции.

(4) Посебни работни компетенции за сите нивоа:

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Член 3**

Членот 12 се менува и гласи:

(1) Кандидатот за инспектор од категоријата В, покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови за:

Стручни квалификации и тоа:

-За нивото В1-ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

-За нивоата В2, В3 и В4 –ниво на квалификации VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

(2) Работно искуство и тоа:

-В1-најмалку три години работно искуство по дипломирањето,

-В2-најмалку две години работно искуство по дипломирањето,

-В3-најмалку една година работно искуство по дипломирањето,

-В4-со и без работно искуство по дипломирањето.

(3) Општи работни компетенции за сите нивоа согласно со рамката на општи работни компетенции.

(4) Посебни работни компетенции за сите нивоа:

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 4**

Во глава IV-Опис на работни места, во Секторот за општи и правни работи и финансиски работи, Одделение за финансиски прашања, работното место по реден број 20-Советник одговорен сметководител се брише.

**Член 5**

Во глава IV-Опис на работни места, во Секторот за општи и правни работи и финансиски работи, Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број 21 Советник за администрирање со локални даноци, се додава ново работно место со реден број 21А Помлад соработник даночен извршител.

| | |
|---|---|
| Сектор за општи и правни работи и финансиски прашања | |
| Одделение за финансиски прашања | |
| Реден број | 21 А |
| Шифра | УПР0101В04000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад соработник |
| Назив на работното место | Помлад соработник-Даночен извршител |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Економски науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно помагање во следење и применување на прописите од областа на присилната наплата на даночниот долг |
| Работни задачи и обврски | -Ги следи, проучува и применува прописите од даночната постапка,<br>-Помага за навремено доставување на даночните решенија,<br>-Помага во извршување на решенијата за присилно извршување и доставување на опомени,<br>-Помага во водење на евиденција за |

| | |
|---|---|
| | неплатени а доспеани обврски на обврзници,<br>-Помага при водење на евиденција за ненаплатени обврски и дава предлози за нивно бришење,<br>-Помага во водење на евиденција од приходи од закупнини и наемнини и продажба,<br>-Помага во стручно-оперативни работи врз основа на конкретни упатства и надзор од раководителот на одделението. |

**Член 6**

Во глава IV-Опис на работни места, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој, Одделение за локален економски развој и јавни дејности, работното место под реден број 35-Виш соработник, за спорт се брише.

**Член 7**

Во глава IV-Опис на работни места, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој, Одделение за локален економски развој и јавни дејности, по работното место со реден број 34 Советник за образование и култура, се додава ново работно место 34А-Помлад соработник за унапредување на земјоделство, туризам и угостителство.

| | |
|---|---|
| Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој | |
| Одделение за локален екомомски развој и јавни дејности | |
| Реден број | 34 А |
| Шифра | УПР0101В04000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад соработник |
| Назив на работното место | Помлад соработник за унапредување на земјоделство, туризам и угостителство. |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Биотехнологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно помагање во следење и применување на прописите од областа на земјоделството, туризмот и |

| | |
|---|---|
| | угостителството |
| Работни задачи и обврски | -Помага во водење регистер на податоци потреби за развојот во областа на занастчиство, угостителство и туризам;<br>-Помага на развојот за постојното занаетчиство;<br>-Помага за обезбедување и развој на туристичките локалитети и нивно искористување;<br>-Помага за развој на ловот и ловниот туризам;<br>-Помага во превземање на мерки и активности за равој и афирмација на органското производство; |

## Член 8

Во глава IV-Опис на работни места, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој, Одделение за локален економски развој и јавни дејности, работното место со реден број 37 Самостоен референт за развој и унапредување на трговијата, земјоделство, угостителство и туризам, се менува и гласи: Самостоен референт за унапредување на социјална, детска и здравствзена заштита.

| | |
|---|---|
| **Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој** | |
| **Одделение за локален економски развој и јавни дејности** | |
| Реден број | 37 |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | **Самостоен референт за унапредување на социјална, детска и здравствена заштита** |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделението |
| Вид на образование | Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно |

| | |
|---|---|
| | образование (економска струка) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно извршување на работи и задачи кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита |
| Работни задачи и обврски | - ги следи и применува законските и подзаконските акти од надлежноста под надзор на непосредниот раководител;<br>-ги следи проучува и применува прописите од областа на социјалата, здравството и детската заштита под надзор на раководителот;<br>- изготвува база на потребни податоци за социјалата во општината;<br>- води посебна евиденција и се грижи за хендикепираните и најзагрозените лица, стари, изнемоштени и незгрижени лица;<br>- се грижи за развојот и унапредување на работите во детските установи; |

**Член 9**

Во глава IV-Опис на работни места, во Одделение за инспекциски надзор-инспекорат, работното место по реден број 44-Помлад инспектор за урбанизам и градежништво, се менува и гласи: Помлад инспектор за градежништво:

| **Одделение за инспекциски надзор-инспекторат** | |
|---|---|
| Реден број | 44 |
| Шифра | ИНС0101В04001 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад инспектор |
| Назив на работно место | **Помлад инспектор за градежништво** |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделението |

| | |
|---|---|
| Вид на образование | Градежништво и водостопанство |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведување на наједноставни работи и задачи како подршка на функциите од делокругот на одделението, а кои се однесуваат на вршење на инспекциски надзор согласно законските и подзаконските прописи од областа на градењето |
| Работни задачи и обврски | - Врши инспекциски надзор во текот на изградба на објекти од втора категорија, надзор кога се врши пренамена на објекти, доградба, надградба и реконструкција на објекти или делови на објекти и проверува дали градбата се врши согласно издадени решенија и одобренија,<br>-Составува записници и донесува решенија за отстранување на констатираните неправилности, доколку има неправилности кои согласно со закон претставуваат прекршок или со посебен закон е утврдено како кривично дело, покренува прекршочна или кривична постапка,<br>-Покренува и води постапка на инспекцискиот надзор по службена должност, како и по иницијатива на било кое лице, согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка,<br>-Проверува дали учесниците во изградбата имаат прибавено овластувања и лиценци предвидени со Законот за градење и поднесува предлог за одземање на истите до надлежен орган, доколку се констатираат неправилности,<br>-Проверува дали управните акти издадени врз основа на Законот за градење се во согласност со истиот и доколку се утврди дека се издадени спротивно на закон, поднесува писмен предлог за поништување,<br>.Спроведува постапка за извршување на решенијата по доставување на заклучок за дозвола на извршување на странките,<br>-Води дневник за вршењето на иснпекциски надзор. |

**Член 10**

Во глава IV-Опис на работни места, во Одделение за инспекциски надзор-инспекорат, работното место по реден број 45-Помлад инспектор за животна средина и комунални работи, се менува и гласи: Помлад инспектор за комунални дејности:

| | |
|---|---|
| Одделение за инспекциски надзор-инспекорат | |
| | |
| Реден број | 45 |
| Шифра | ИНС0101В04001 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад инспектор |
| Назив на работното место | Помлад инспектор за комунални дејности |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Биотехнологија, Градежништво и водостопанство |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведување на наједноставни работи и задачи како поддршка на функциите од делокругот на одделенисто, а кои се однесуваат на вршење на инспекциски надзор согласно законските и подзаконските прописи од областа на комуналните дејности. |
| Работни задачи и обврски | -Врши инспекциски надзор над јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината и физичките и правните лица на кои општината им доверила вршење на соодветни комунални дејности согласно со закон и примена на одредбите од Одлуката за комунален ред и Одлуката за јавна чистота,<br>-Врши инпекциски надзор над Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води,<br>-Врши инспекциски надзор над работата на управителот на гробиштата, операторот на погребални услуги и каменорезачот, надзор над одржување на гробиштата и на придружните објекти, управувањето со гробиштата и начинот на вршењето на погребалните услуги,<br>-Врши увид, контрола и утврдува дали отпадот е оставен, фрлен, напуштен, спален или неконтролирано отстранет на места кои не се определени согласно со Законот за отпад или тоа е сторено на начин спротивно на тој закон,<br>-Составува записници при инспекцискиот надзор и донесува решенија за |

| | |
|---|---|
| | отстранување на констатираните неправилности, го организира спроведувањето, поднесува приговори за покренување на прекршочна постапка, поднесува извештаи и информации. |

**Член 11**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени во Табеларниот преглед на работните места во Општина Демир Хисар.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се применува по добиената писмена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

Архивски број 01-97/3
Датум 15.10.2020

Прилог: Табеларен преглед на работните места

| Р.б. | Шифра | Назив на работно место | Звање | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|
| 1 | УПР 01 01 А04 000 | Секретар на општина | Секретар на општина со седиште во град | 1 |
| **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | | | |
| **2** | УПР 01 01 Б02 000 | Раководител на сектор за општи и правни работи и финансиски прашања | Раководител на сектор | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за општи и правни работи | Раководител на одделение | 1 |
| 4 | УПР 01 01 В01 000 | Советник за менаџирање со заштита и спасување | Советник | 1 |
| 5 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за административни работи за седници на Советот и работните тела | Самостоен референт | 1 |
| 6 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт Технички секретар на Градоначалникот | Самостоен референт | 1 |
| 7 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт Архивар | Самостоен референт | 1 |
| 8 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за соработка со јавноста | Самостоен референт | 1 |
| 9 | УПР 01 01 Г04 000 | Помлад референт координатор за еднакви можности на жените и мажите | Помлад референт | 1 |
| 10 | УПР 04 05 А02 004 | Координатор на достава-Курир | Координатор на достава -Курир | 1 |
| 11 | УПР 04 03 А02 001 | Возач | Возач II | 4 |
| 12 | УПР 04 03 А03 001 | Возач | Возач III | 1 |
| 13 | УПР 04 01 Б04 001 | Котлар -хаус мајстор | КВ работник за | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | одржување на опремата (оператор на систем) | |
| 14 | УПР 04 02 А03 001 | Портир | Чувар, портир III | 1 |
| 15 | УПР 04 01 Б02 001 | Инжинер за одржување на опремата | Инжинер за одржување на опремата (оператор на систем) | 1 |
| 16 | УПР 04 01 Б04 001 | Работник за одржување на опремата | КВ работник за одржување на опремата (оператор на систем) | 1 |
| 17 | УПР 04 05 А03 004 | Хигиеничар | Хигиеничар/ка | 1 |
| 18 | УПР 04 04 А05 001 | Кафекувар | Кафекувар/ка | 1 |
| **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**<br><br>**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | | | |
| 19 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | Раководител на одделение | 1 |
| | | | | |
| 21 | УПР 01 01 В01 000 | Советник за администрирање со | Советник | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | локални даноци | | |
| 21 А | УПР0101В04000 | Помлад соработник даночен извршител | Помлад соработник | 1 |
| 22 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за задолжување со данок на имот, такси и надоместоци | Самостоен референт | 1 |
| 23 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник за финансиско сметководствени работи | Помлад соработник | 1 |
| 24 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за книговодствени работи | Самостоен референт | 1 |
| 25 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт Благајник | Самостоен референт | 1 |
| **СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 26 | УПР 01 01 Б02 000 | Раководител на сектор за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој | Раководител на сектор | 1 |
| **СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |

| ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности | Раководител на одделение | 1 |
| 28 | УПР 01 01 В01 000 | Советник за изработка на програми и плански документи за заштита на животна средина | Советник | 1 |
| 29 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник за изготвување на одобренија за градење и решенија за употреба | Помлад соработник | 1 |
| 30 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник за локален сообраќај, патишта и улици | Помлад соработник | 1 |
| 31 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за локален сообраќај и комунална инфраструктура | Самостоен референт | 1 |
| **СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**<br>**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ** | | | | |
| 32 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за локален економски развој и јавни дејности | Раководител на одделение | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 33 | УПР 01 01 В01 000 | Советник за локален економски развој и стратешко планирање | Советник | 1 |
| 34 | УПР 01 01 В01 000 | Советник за образование и култура | Советник | 1 |
| 34 А | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник за унапредување на земјоделство, туризам и угостителство | Помлад соработник | 1 |
| | | | | |
| 36 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за соработка со бизнис секторот и невладини организации | Самостоен референт | 1 |
| 37 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за унапредување на социјална, детска и здравствена заштита | Самостоен референт | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | |
| 38 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за управување со човечки ресурси | Раководител на одделение | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 39 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник за административни работи | Помлад соработник | 1 |
| 40 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт за персонални работи | Самостоен референт | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | | | | |
| 41 | УПР 01 01 Б04 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Раководител на одделение | 1 |
| 42 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник внатрешен ревизор на обука | Помлад соработник | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР-ИНСПЕКТОРАТ** | | | | |
| 43 | ИНС 01 01 Б04 001 | Раководител на одделение заинспекциски надзор-Виш инспектор | Виш инспектор | 1 |
| 44 | ИНС 01 01 В04 001 | Помлад инспектор за градежништво | Помлад инспектор | 1 |
| 45 | ИНС 01 01 В04 001 | Помлад инспектор за комунални дејности | Помлад инспектор | 1 |
| 46 | ИНС 01 01 В01 001 | Овластен инспектор за даноци | Советник инспектор | 1 |
| 47 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт комунален редар | Самостоен референт | 1 |

| ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 | ПОЖ 02 10 А04 000 | Командир на ТППЕ | Командир на ТПП единица | 1 |
| 49 | ПОЖ 02 10 В02 000 | Пожарникар спасител-Водич на група | Водич на група | 6 |
| 50 | ПОЖ 02 10 В04 000 | Пожарникар спасител | Пожарникар спасител | 3 |